ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 143/1
08 -01- 2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26 - тата седница, одржана на 30.12.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

СЕ ОТФРЛА пријавата со бр. 09-2544/1 од 22.09.2025 година поднесена од непознат подносител против лицето -------------------, поради тоа што пријавеното лице не претставува службено лице согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-2544/1 од 22.09.2025 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител, со наводи дека во период пред распишување на Локални избори за 2025 година, лицето ----------------- ја вработил сопругата на лицето -------------, член на Советот на општина -------------- во НУЦК „-----------------"----------------- преку Агенција за привремени вработувања, како и за лицето --------------------- исто така член на Советот на општина ------------- вработена по партиски заслуги во Управата за --------------- –-------------------.

По разгледување на пријавата, Државната комисија оцени дека пријавеното лице согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не претставува службено лице под кој се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имено, Државната комисија не може да покрене постапка за утврдување на постоење на судир на интереси согласно член 76 став (1) од истиот закон бидејќи во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконски или недозволени дејствија на службени лица при вршење на јавните овластувања и службени должности, за да утврди дека постои состојба на судир на интереси во смисла на членот 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси или постапување спротивно на забраните за вршење на други дејности предвидени со член 44 од истиот Закон.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. - член на ДКСК